РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112-68

28.05.2020 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 28.5.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Обработувач на метал** се распоредува на ниво III, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00068**. и се претставува како „зелена“ квалификација.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 28.5.2020 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Обработувач на метал** со обем од 180 ЕЦВЕТ, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12-сл од 9.5.2018 година ги и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2610-10/4 од 10.2.2020 година од Секторската комисија за Машинство, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива е со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво III, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ
Борчо Алексов

Република Северна Македонија ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE SHKUP

**Доставено до:**

– **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Екрем Иљаз
контролирал: Кети Костовска